ИЗЛОЖБИ

# ИМПРЕСИВНИ СТРУК-ТУРНИ ВАРИЈАЦИИ

(КОН ИЗЛОЖБАТА „СКУЛПТУРИ, ЦРТЕЖИ И ПРОЕКТИ 1961—1975" НА ДУШАН ЏАМОЊА ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ)

**ПРВАТА, ОД ЗАМИСЛЕНИТЕ ПОВЕКЕ МОНОГРАФСКИ ИЗЛОЖБИ НА ПОЗНАТИ ЈУГОСЛОВЕНСКИ** уметници, е на скулпторот Душан Џамоња. Таа е конципирана така на гледачот да му презентира заокружена целина на плодно творештво кое ја одбележи со своите особености и вредности повоената југословенска скулптура, но, исто така, најде место и во контекстот на светската модерна скулптура. Импресивната изложба на Душан Џамоња, во Музејот на современата уметност во Скопје, ги оправда очекувањата поттикнати од веќе долги години спомнуваното име на овој уметник, потврдувајќи ги изречените оценки дека е тоа еден од нашите најзначајни модерни скулптори.

Секогаш кога се манипулира со термините модерно и традиционално не можат јасно да се објаснат и разграничат овие два поима. Пред сè, затоа што модерниот сензибилитет не ја исклучува сосема традиционалната ликовна постапка или идеја на уметникот. Не секогаш овие две компоненти се поврзани во една нераскинлива целина, но кога се работи за творештвото на Џамоња се истакнува впечаток, од морфолошката анализа на делата, дека овие две компоненти често го нашле својот интегритет и потполност. Тука може да се издвои како една карактеристика структурниот момент, кога уметникот зема еден елемент како што е клинецот или правилни парченца од дрво и ги изградува, составува во чиста формална целина, во волумен кој го дефинира просторот и кој во основа е компактен меѓу целината и своите составни делови. Несомнено е дека Џамоња е модерен скулптор, меѓутоа, неговата постапка која содржи хармонија и целосност во ликовно — естетската квалитативна стабилност може да се нарече и „класична", традиционална во онаа смисла кога означува ред и јасност на проседето. Не секогаш уметникот се подвргнува на желбата да изградува стабилни форми. Во некои негови дела доаѓа до израз немирот и онаа внатрешна потенцијална енергија која се крие во внатрешноста на секоја негова скулптура, поделувајќи ја масата, која и натаму има свое јадро, на сродни сегменти и парчиња кои секогаш создаваат нова ликовно — содржинска ситуација. Набиеноста и тежината во неговите скулптури содржи постојано присутно таинство и злослутна можност за експлозија, тектонско движење на масите кои повторно наслутуваат. Уметноста, воопшто, секогаш содржела извесна доза на енигматичност и „нејасност" која повторно и повторно предизвикува нови асоцијации и авантура во содржината на едно дело. Тоа го содржи и скулптурата на Џамоња.

**КОГА СЕ СПОМНУВА ПОИМОТ МОДЕРНО**, не ретко се имаат предвид освен материјалот во кој се изведуваат делата, тука е тоа железото, бронзата, среброто и дрвото, и оние техницизирани асоцијации кои во еден дел потекнуваат од техничкиот момент, сам по себе, но најмногу од неговите формални решенија и начинот на нивното компонирање. Џамоња преку своите дела може да се согледа како уметник кој кова и заварува и кој прави архитектонски проекти за монументални дела во кои се препознаваат неговите формални структури но во подруг контекст и замисла. Во секој случај, останува неговата класична чистота и дефинираност на волумените кои се универзални и технизицирани и посебно интимни кое на овие скулптури им ја обезбедува нивната виталност и живот во просторот.



Душан Џамоња: Метална скулптура 73

**Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ**

V. Nо́ѝ [illegible] 31.X.1976